Уп. Бр.08-92/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **САЛУС трговија со фармацевтски, медицински и други производи, д.д.,** Литостројска цеста 46А, 1000 Љубљана, Словенија преку адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 20.07.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување контрола од страна на **САЛУС трговија со фармацевтски, медицински и други производи, д.д.,** Литостројска цеста 46А, 1000 Љубљана, Словенија врз **Медорион д.о.о. за услуги друштво со ограничена одговорност,** Улица Јанка Драшковиќа 5, 10430 Самобор, Република Хрватска по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 20.06.2023 година, а дополнето на 27.06.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од **САЛУС трговија со фармацевтски, медицински и други производи, д.д.,** Литостројска цеста 46А, 1000 Љубљана, Словенија со која **САЛУС трговија со фармацевтски, медицински и други производи, д.д.,**, ќе стекне единствена контрола над **Медорион д.о.о. за услуги друштво со ограничена одговорност,** Улица Јанка Драшковиќа 5, 10430 Самобор, Република Хрватска, по пат на купопродажба на удели

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**САЛУС трговија со фармацевтски, медицински и други производи, д.д.,(**Салус) е матичното друштво на Групацијата на компании Салус ("Групација Салус"). Групацијата Салус го генерира најголемиот дел од своите приходи преку своите претпријатија-ќерки САЛУС Трговија на големо, д.о.о. ("САЛУС Трговија на големо") и Санолејбор д.д. ("Санолејбор"), чија главна дејност е трговија на големо (Салус и Санолејбор) и трговија на мало (Санолејбор) со лекови, фармацевтски производи, медицински помагала, медицинска опрема и материјали. Друштвата во рамки на Групацијата Салус нудат и услуги за складирање, регулаторни, фармаковигилантни услуги, фармацевтски маркетинг и промоција, фармакоекономија.

Во Северна Македонија, Групацијата Салус е активно преку своето претпријатие-ќерка Царсо Пхарм, дооел Илинден кое е активно во застапување и маркетинг на трговски марки на водечки производители на фармацевтски производи.

**Медорион д.о.о.** е активно во дистрибуција на лекови за ретки болести и има остварено само незначителен промет во Северна Македонија во 2022 година од продажба на своите клиенти во Северна Македонија. Медорион нема никакви средства во Северна Македонија. Неговите активности во Северна Македонија првенствено се фокусирани на истражување на пазарот, создавање свест за ретките болести и достапни производи, како и едукација на здравствените работници на тема ретки болести. Медорион нема дистрибутивна мрежа во Северна Македонија, неговиот промет се генерира од повремена продажба на еден клиент.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**